**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 31 август 2020 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во вториот квартал од 2020 година

Во вториот квартал од 2020 година во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит од 85,9 милиони евра, главно како резултат на дефицитот во стоковната размена. Кај финансиските трансакции со нерезиденти се остварени нето-приливи од портфолио инвестиции, заеми и трговски кредити, а нето-одливи по валути и депозити и директни инвестиции. Во вториот квартал девизните резерви се зголемија за 604 милиони евра.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија
(во милиони евра)

| | тековна година | | | претходна година | | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2020 | Кв.2 2020 | **Кв.1-Кв.2.2020** | Кв.1 2019 | Кв.2 2019 | **Кв.1-Кв.2.2019** | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-148,8** | **-85,9** | **-234,7** | **-158,1** | **-47,0** | **-205,1** | **62,9** | -42,3 | **-38,9** | 82,8 | **-29,6** | 14,4 |
| Стоки | **-548,8** | **-355,1** | **-903,9** | **-475,1** | **-441,4** | **-916,5** | **193,7** | -35,3 | **86,3** | -19,5 | **12,6** | -1,4 |
| Услуги | **166,9** | **106,7** | **273,6** | **101,8** | **96,6** | **198,4** | **-60,3** | -36,1 | **10,1** | 10,5 | **75,2** | 37,9 |
| Примарен доход | **-92,9** | **-91,8** | **-184,7** | **-111,5** | **-109,9** | **-221,4** | **1,1** | -1,2 | **18,1** | -16,5 | **36,7** | -16,6 |
| Секундарен доход | **325,9** | **254,3** | **580,2** | **326,6** | **407,7** | **734,3** | **-71,6** | -22,0 | **-153,4** | -37,6 | **-154,1** | -21,0 |
| **Капитална сметка** | **0,3** | **1,1** | **1,4** | **0,6** | **0,1** | **0,7** | **0,9** | | **1,0** | | **0,7** | |
| **Финансиска сметка** | **-162,2** | **-63,4** | **-225,6** | **-159,2** | **-33,7** | **-192,9** | **98,8** | | **-29,7** | | **-32,8** | |
| Директни инвестиции | **-127,1** | **15,0** | **-112,1** | **-40,2** | **-11,0** | **-51,2** | **142,0** | | **26,0** | | **-60,9** | |
| Нето-стекнување средства | **106,1** | **-13,1** | **93,0** | **179,0** | **109,4** | **288,4** | **-119,2** | | **-122,5** | | **-195,5** | |
| *Сопственички капитал*** | **5,3** | **6,7** | **12,0** | **3,3** | **5,7** | **9,0** | **1,4** | | **1,0** | | **3,0** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **3,2** | **2,5** | **5,7** | **3,3** | **1,6** | **4,9** | **-0,7** | | **0,9** | | **0,8** | |
| *Должнички инструменти* | **97,6** | **-22,3** | **75,3** | **172,5** | **102,0** | **274,5** | **-119,9** | | **-124,4** | | **-199,2** | |
| Нето-создавање обврски | **233,2** | **-28,1** | **205,1** | **219,2** | **120,4** | **339,7** | **-261,3** | | **-148,5** | | **-134,6** | |
| *Сопственички капитал*** | **20,6** | **48,3** | **68,9** | **79,1** | **45,3** | **124,4** | **27,7** | | **3,0** | | **-55,5** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **78,8** | **21,0** | **99,8** | **93,8** | **16,3** | **110,1** | **-57,8** | | **4,7** | | **-10,3** | |
| *Должнички инструменти* | **133,8** | **-97,4** | **36,4** | **46,3** | **58,8** | **105,1** | **-231,2** | | **-156,2** | | **-68,7** | |
| Портфолио-инвестиции | **31,6** | **-632,5** | **-600,9** | **22,3** | **19,8** | **42,1** | **-664,1** | | **-652,2** | | **-643,0** | |
| Валути и депозити | **71,8** | **130,9** | **202,7** | **35,0** | **-30,6** | **4,4** | **59,0** | | **161,5** | | **198,4** | |
| Заеми | **112,9** | **-168,1** | **-55,2** | **-18,1** | **-26,5** | **-44,6** | **-281,0** | | **-141,6** | | **-10,7** | |
| Трговски кредити | **-2,1** | **-12,9** | **-15,0** | **-152,7** | **-34,3** | **-187,0** | **-10,7** | | **21,5** | | **172,1** | |
| Девизни резерви | **-249,3** | **604,0** | **354,7** | **-5,6** | **49,4** | **43,8** | **853,3** | | **554,6** | | **310,9** | |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРСМ.

## *Тековна сметка*

Во вториот квартал од 2020 година во тековните трансакции со нерезиденти, остварени се дефицити кај стоковната размена (355,1 милион евра) и кај примарниот доход (91,8

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

милиони евра), коишто ги надминаа приливите кај секундарниот доход и размената на услуги (254,3 и 106,7 милиони евра, соодветно).

На квартална основа, дефицитот во тековната сметка се намали за 62,9 милиони евра. Позитивната квартална промена е главно резултат на намалениот дефицит кај стоковната размена (за 193,7 милиони евра), во услови на намалени нето-приливи кај секундарниот доход и подбилансот на услуги (за 71,6 и 60,3 милиони евра, соодветно). Притоа, намалениот дефицит кај стоковата размена од 193,7 милиони евра произлегува од поголемото намалување на увозот од намалувањето на извозот на стоки (за 26,7% и 22,5%, соодветно).

Во споредба со истиот квартал од минатата година, дефицитот во тековната сметка е проширен за 38,9 милиони евра, како резултат на намалените нето-приливи кај секундарниот доход (за 153,4 милиони евра), во услови на намален дефицит кај стоковната размена и примарниот доход (за 86,3 и 18,1 милион евра, соодветно) и зголемен суфицит во размената на услуги (за 10,1 милион евра).







Извор: НБРСМ.

## ***Финансиска сметка***

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во вториот квартал од 2020 година се остварени нето-приливи од 63,4 милиони евра. Анализирано по категории, нето-приливи бележат портфолио-инвестициите (632,5 милиони евра), заемите (168,1 милион евра) и трговските кредити (12,9 милиони евра), додека нето-одливи се забележани кај валутите и депозити (130,9 милиони евра) и директните инвестиции (15 милиони евра). Девизните резерви бележат зголемување за 604 милиони евра.

Во услови на раст на сопственичкиот капитал и реинвестираната добивка (за 41,6 и 18,5 милиони евра, соодветно), остварените нето-одливи од 15 милиони евра кај директните инвестиции во вториот квартал ги одразуваат нето-одливите кај меѓукомпанискиот долг (од 75,1 милиони евра).

Во вториот квартал од 2020 година, обврските врз основа на директни инвестиции[2] се намалени за 28,1 милион евра, како резултат на намалениот меѓукомпаниски долг (97,4 милиони евра), при раст на обврските кај сопственичкиот капитал (48,3 милиони евра) и реинвестираната добивка (21 милион евра).

Средствата врз основа на директни инвестиции се исто така намалени, но во помал обем од намалувањето на обврските (за 13,1 милион евра). Намалувањето на страната на средствата е резултат на намалените побарувања врз основа на меѓукомпаниски долг (22,3 милиони евра), во услови на зголемени побарувања по сопственички капитал и реинвестирана добивка (за 6,7 и 2,5 милиони евра, соодветно).

Во вториот квартал од годината, нето-обврските врз основа на портфолио-инвестиции се зголемени за 632,5 милиони евра, во најголем дел како резултат на задолжувањето на државата на меѓународниот пазар на капитал, односно емисија на нова еврообврзница.

Во разгледуваниот квартал, нето-приливите врз основа на заеми од 168,1 милион евра речиси во целост произлегуваат од нето-приливите кај секторот „држава", (170,4 милиони евра). Во иста насока влијаат и останатите сектори[3], со остварени нето-приливи од 7 милиони евра, наспроти секторот „останати депозитни институции" каде се остварени нето-одливи во износ од 9,4 милиони евра.

Во првата половина од годината, нето-приливите од портфолио инвестиции (600,9 милиони евра), директни инвестиции (112,1 милион евра), заеми (55,2 милиона евра) и трговски кредити (15 милиони евра) ги надминаа нето-одливите по валути и депозити (202,7 милиони евра), што овозможи целосно финансирање на дефицитот на тековната сметка и зголемување на девизните резерви за 354,7 милиони евра.

Од аспект на структурата на директните инвестиции во првата половина на годината, нето-приливите од 112,1 милион евра во најголем дел се резултат на реинвестирана добивка (94,1 милион евра) и вложувањата во сопственички капитал (56,9 милион евра), додека меѓукомпанискиот долг влијаеше во насока на намалување на директните инвестиции (38,9 милиони евра).

---

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор: НБРСМ.

## ***Ревизии на податоци***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – март 2020 година во насока на подобрување на нивниот квалитет. Притоа, во тековната сметка ревизијата на податоците делуваше во насока на намалување на дефицитот за 8,1 милион евра, главно како резултат на ревизија на реинвестираната добивка, односно намалување на добивката која што компаниите очекуваат дека ќе ја остварат во текот на 2020 година.

Кај финансиската сметка ревизијата е во насока на намалување на нето-приливите кај директните инвестиции за 5,6 милиони евра и кај трговските кредити за 4,8 милиони евра.

Ревизијата на податоците резултираше со намалување на грешките и пропустите за периодот јануари – март 2020 година (за 3,3 милиони евра).

## ***Придружни информации***

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 30 ноември 2020 (референтен период, заклучно со септември 2020 година).

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).